**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# У П А Т С Т В О

## ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА "ПРИЈАВА НА ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ И БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТЕР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ"

### 1. Основ за пријавувањето на производни капацитети и барање за упис во Единствениот регистер на земјоделски стопанства и пријава на промени

Пријавувањето на производни капацитети е услов за користење на средствата од Програмите за поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2008 година, во согласност со Програмите за поддршка и уредбите за начинот на извршување на програмите.

Дополнително, запишувањето на земјоделските стопанства во Република Македонија во Единствениот регистер на земјоделски стопанства произлегува од став 8 член 71 од Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на Република Македонија бр.134/07) каде се уредува формата, содржината и начинот на водење на Единствениот Регистер на земјоделските стопанства[1)] (во понатамошниот текст: Регистер) на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: Министерство).

Во 2008 година спроведувањето на двете активности се врши заедно преку поднесување на пополнети и потпишани унифицирани обрасци.

### 2. Обрасци "Пријава на производни капацитети и барање за упис во Единствениот регистер на земјоделски стопанства и пријава на промени"

Обрасците "Пријава на производни капацитети и барање за упис во Единствениот регистер на земјоделски стопанства и пријава на промени" и комплетирана пропратна документација (во понатамошниот текст: Барање) се поднесуваат од страна на носителот на земјоделското стопанство во подрачните единици на министерството. Рокот за поднесување е 31.05.2008 година за корисниците на средствата од Програмите за поддршка на Министерството, или до крајот на 2008 година за останатите земјоделски стопанства.

Барањето е комплетирано со доставување на пополнети обрасци:

- Број 1 за носителот на земјоделското стопанство (1А за семејно земјоделско стопанство и 1Б за останати форми на земјоделски стопанства);

- Број 2 за пријавување на членови на семејното земјоделско стопанство;

---

*[1)] Земјоделско стопанство претставува една или повеќе производствени единици каде физичко или правно лице извршува земјоделски производствени активности, и/или дополнителни неземјоделски активности и услуги на земјоделско земјиште или градежни објекти како дел од земјоделското стопанство, врз основа на правото на сопственост, изнајмување или плодоуживање.*

- Број 3 за пријавување на постоечката состојба и планираните површини кои ќе се засеат или засадат во текот на тековната година по земјоделска култура на земјоделско земјиште;

- Број 4 за пријавување на постоечката состојба и планираните промени во текот на тековната година на бројот и видот на добитокот;

- Број 5 за доставена пропратна документација и изјава на носителот на земјоделското стопанство за веродостојност на податоците; како и

- Приложена пропратна документација според Образец Број 5. Земјоделските производители треба дополнително да ги обезбедат само оние документи кои нема да ги доставaт во процесот на здобивање со правото за користење на средства од Програмите за поддршка за 2008 година, особено:

1. Копија од лична карта на членовите на семејно земјоделско стопанство; и

2. Изјава на членовите на семејното земјоделско стопанство за избирање на носител и изјава на носителот на стопанството.

Податоците од Регистерот се користат исклучиво за поставување, администрирање и следење на спроведувањето на политиките на поддршка за земјоделството, храната и руралнот развој, како и за статистички потреби на Министерството.

### 3. Носител на земјоделско стопанство

Носител на земјоделско стопанство е правно или физичко лице кое го претставува земјоделското стопанство запишано во Регистерот. Носителот на земјоделското стопанство е одговорен за обврските и ги ужива правата кои произлегуваат од вршење земјоделски производни активности, и/или дополнителни неземјоделски активности и услуги на земјоделското стопанство.

### 4. Членови на семејно земјоделско стопанство

Кога носителот на земјоделското стопанство е физичко лице кое се занимава со земјоделска дејност, односно во случај на семејно земјоделско стопанство, при запишување на стопанството во Регистерот, се запишуваат и членовите на тоа семејно земјоделско стопанство. Членови на семејно земјоделско стопанство се полнолетните членови од едно исто домаќинство со заедничко место и адреса на живеење кои постојано или повремено се занимаваат со земјоделски производни активности и/или дополнителни неземјоделски активности и услуги на земјоделското стопанство.

Членовите на семејното земјоделското стопанство со изјава назначуваат член на домаќинството кој е носител на семејното земјоделско стопанство.

### 5. Упис во Регистерот

Уписот во Регистерот се врши во подрачните единици на Министерството по барање на носителот на земјоделското стопанство.

Земјоделските стопанства се запишуваат во подрачните единици каде што е седиштето на правното лице, односно местото на живеење на носителот на семејното земјоделско стопанство независно од местото на извршување на земјоделската дејност.

Само земјоделското стопанство запишано во Регистерот се здобива со право за користење на средствата од Програмите за поддршка на развојот на земјоделството и руралните средини[2)].

Со впишувањето во Регистерот, на земјоделските стопанства им се доделува единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР).

Со поседување на потврда за запишување на стопанството во Регистерот издадена од страна на подрачните единици на Министерството се овозможува продажба на сопствени производи од самото земјоделско стопанство во согласност со законот и закуп на продажно место на пазарите.

### 6. Промена на податоците

Носителот на запишаното земјоделско стопанство во Регистерот е должен во рок од 15 дена од денот на настанување да ја пријави промената на податоците за: носителот, податоците за контакт со земјоделското стопанство, податоците за земјоделското стопанство во Централниот регистер и Судскиот регистер, промени во сопственоста на земјиштето, карактеристиките на земјишните парцели или на основата за користење на земјоделското земјиште (големина на катастарска парцела, катастарска култура, сопственост, давање и земање под закуп), промена на сметката на носителот на земјоделското стопанство и промена на податоци за членовите на семејното земјоделско стопанство.

Запишаните земјоделски стопанства во Регистерот имаат обврска најдоцна до 31.03 во годината (почнувајќи од 2009 година), да ги пријават податоците за:

- постоечката состојба и планираните површини кои ќе се засеат или засадат во текот на тековната година по земјоделска култура на земјоделско земјиште;

- постоечката состојба и планираните промени во текот на тековната година на бројот и видот на добитокот.

### 7. Бришење на земјоделското стопанство од Регистерот

Земјоделското стопанство се брише од Регистерот:

- на барање на носителот;

- со изминување на периодот на договорот за изнајмување или користење на земјиштето доколку истиот навремено не се продолжи;

- завршување на вршење на земјоделските активности.

Доколку податоците за упис во Регистерот, или за промена на податоците од Барањето не соодејствуваат со податоците за фактичката состојба на земјоделското стопанство евидентирана преку споредба на податоците со останатите регистри и бази на податоци на Министерството, што е дополнително потврдено преку извршена контрола на терен, носителот и членовите на земјоделското стопанство се бришат од Регистерот за период од три години.

---

[2)] *Оваа одредба важи од 2009 година после комплетирање на процесот на поставување на Регистерот на земјоделските стопанства.*